Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 89, став 3, точка 26, а во врска со член 86, став 1, точка 3 од Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката на својата 166 (сто шеесет и шеста) седница, одржана на 28.4.2022 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**за Извештајот на Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје, изготвени за годината што завршува на 31.12.2021 година**

Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, во периодот март-април 2022 година, изврши ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2021 година, коишто вклучуваат Биланс на состојба, Извештај за сеопфатна добивка, Биланс на успех, Извештај за промени во капиталот и Извештај за паричните текови, како и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

Ревизијата на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење ревизија на финансиските извештаи за 2021 година, Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, согласно со проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, вклучи соодветни постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2021 година, Друштвото за ревизија пристапи кон претходна ревизија во текот на ноември 2021 година, со состојба 31.10.2021 година.

**Надзорниот одбор го разгледа и го прифаќа Извештајот на независните ревизори од Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје.**

**Претседател на Надзорен одбор,**
**г. Тихомир Атанасов с.р.**